www.krivapalanka.gov.mk

# ИЗВЕШТАЈ

## по програмата за животна средина на Општина Крива Паланка за 2024 година

Советот на Општина Крива Паланка на ден 07.12.2023 година донесе Програма за животна средина на Општина Крива Паланка за 2024 година (бр. 09- 5620/45 од 07.12.2023 год.).

Во Програмата се предвидени следниве активности активности:

- Регионално управување со отпад;
- Селекција на отпад;
- Субвенционирање на садови за отпад (120 л) за домаќинства;
- Набавка на пластични контејнери;
- Изработка на Локален Еколошки Акционен План (ЛЕАП)
- Изработка на документација во врска со заштита на животната средина
- Издавање на Б – интегрирани еколошки дозволи
- Одобрување на елаборати за заштита на животната средина
- Подигање на дрвореди
- Набавка на украсно цвеќе за ул. „Св. Јоаким Осогововски";
- Систем за наводнувањена централно градско подрачје;
- Чистење на долови и речни корита, атмосферска канализација и решетки;
- Темелно чистење и миење на јавни површини со машини со висок притисок (пешачка патека, плаштади, тротоарски површини, кејски ѕид на речно корито)

Реализација на активностите е следна:

## 1. Регионално управување со отпад

Оваа активност е во тек и реализација на истата е во рамки на Североисточниот плански регион.

**Не се предвидени финансиски средства.**

## 2. Селекција на отпад

Оваа активност предвидува склучување на договори со овластени постапувачи со отпад.

Општина Крива Паланка во 2024 година нема склучено договори со овластени постапувачи со отпад:

**Не се предвидени финансиски средства.**

## 3. Субвенционирање на садови за отпад (120 л) за домаќинства

Активноста не е реализирана.

**Предвидени финансиски средства: 1.312.000 денари (согласно годишен план за јавни набавки во 2024 година)**

4. **Набавка на пластични контејнери**

Активноста не е реализирана.

**Предвидени финансиски средства: 328.000 денари (согласно годишен план за јавни набавки во 2024 година)**

5. **Изработка на Локален Еколошки Акционен План (ЛЕАП)**

Активноста е во тек на спроведување. Избрана е консултантска фирма за изработка на ЛЕАП-от. Формиран е локален комитет и тековно се работи на изработка на истиот.

**Предвидени финансиски средства: 295.590 денари.**

**Реализирани финансиски средства: Во тек е изработка**

6. **Изработка на документација во врска со заштита на животната средина**

Во 2024 година спроведена е постапка за донесување на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на водоводна инфраструктура за „Калин Камен“ КО Б’с, КО Крклја и КО Варовиште-општина Крива Паланка. Изготвен е Извештај за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за изградба на водоводна инфраструктура за “Калин Камен” КО Б’с, КО Крклја и КО Варовиште, Општина Крива Паланка, кој е одобрен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање. Исто така изработен е Елаборат за заштита на животната средина и истиот е одобрен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Предвидени финансиски средства: 241.900 денари (согласно годишен план за јавни набавки во 2024 година)**

**Реализирани финансиски средства: 70.000 денари**

7. **Издавање на Б – интегрирани еколошки дозволи**

Во 2023 година не се поднесени барања за издавање на Б – интегрирани еколошки дозволи.

**Не се предвидени финансиски средства.**

8. **Одобрување на елаборати за заштита на животната средина**

Во текот на 2024 година одобрени се 9 Елаборат за заштита на животната средина.

**Не се предвидени финансиски средства.**

## 9. Подигање на дрвореди

Активноста не е реализирана.

**Предвидени финансиски средства: 328.000 денари (согласно годишен план за јавни набавки во 2024 година)**

## 10. Набавка на украсно цвеќе за ул. „Св. Јоаким Осоговски“

Активноста е реализирана. Набавени се:

- **Chrysanthemom (Ф19-Ф20) – 245 парчиња;**
- **Viola Wittrockiana/Cornuta ( Ф9-Ф10) – 4300 парчиња; и**
- **Viola Cool Wave (Ф18-Ф21) – 500 парчиња;**

**Предвидени финансиски средства: 387.040 денари**

**Реализирани: 310.635 денари.**

## 11. Систем за наводнување на централно градско подрачје

Активноста е реализирана

**Предвидени финансиски средства: 72.570 денари**

**Реализирани: 72.570 денари**

## 12. Чистење на долови и речни корита, атмосферска канализација и решетки

Активноста не е реализирана.

**Предвидени финансиски средства: 656.000 денари (согласно годишен план за јавни набавки во 2024 година)**

## 13. Темелно чистење и миење на јавни површини со машини со висок притисок (пешачка патека, плаштади, тротоарски површини, кејски ѕид на речно корито)

Активноста не е реализирана

**Предвидени финансиски средства: 492.000 денари (согласно годишен план за јавни набавки во 2024 година)**

Од вкупно предвидените сретства **6 300.000,00 денари со ддв** согласно Програмата за животна средина на Општина Крива Паланка за 2024 година, реализирани се вкупно **453.205,00 денари со ддв.**